Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-333/8

Дата: 03.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Кавадарци за 2016 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2016 година, како и неповолно мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во 2015 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки за извршената ревизија на успешност на тема „ Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Општина Кавадарци ” за 2014 година, при што е констатирано дека степенот на имплементација на препораките не задоволува.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Кавадарци, сметка на основен буџет (637) за 2016 година, констатирано е следното:

- воспоставениот систем на внатрешни контроли кај процесот на плаќање не функционира, односно постојат ризици од плаќање по некомплетна и непотврдена документација бидејќи нема донесено процедура за плаќање, нема назначено раководители на одделенијата во Секторот за финансиски прашања, а лицата задолжени за ex-ante и ex-post финансиски контроли не ја потврдуваат документацијата;
- неекипирање на Одделението за внатрешна ревизија и неизвршена внатрешна ревизија за работењето на општината;

- не е донесен акт за правото, висината и постапката за користење на средствата за репрезентација, а најголем дел од фактурите за извршени угостителски услуги не се поткрепени со соодветна документација за потврдување на направените расходи;
- исплатените средства за гориво се без поткрепувачка документација поради немање на процедура за користење на возилата сопственост на општината;
- исплати на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови со кои се финансираат нивни проекти и проектни активности од областа на културата, образованието, социјална и здравствена заштита, кои не се утврдени во програмите на општината и кои немаат приложено документација за потврдување на наменското користење на средствата;
- за реализација на проектот за подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување во општината, согласно договорот со Здружение за хумано домување, општината учествува со средства во износ од 240 илјади денари за реконструкција на зграда без да се запазат основните цели на проектот и критериумите утврдени со Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци;
- нереално и необјективно прикажани Постојани средства во Билансот на состојбата на ден 31.12.2016 година, поради неизвршена проценка на: опрема добиена како донација, на дел од објекти и земјиште за кои се обезбедени имотни листи и не применети соодветни стапки за амортизација;
- по Отворен повик за доделување на договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци на ревизијата не е дадена на увид комплетна документација како би можело да се потврди исправноста на истата. Од увидот во доставената документација се утврди непочитување на одредбите од договорот.

За утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки за нивно надминување.

Од одговорното лице градоначалникот на Општина Кавадарци на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставени се забелешки кои во најголем дел претставуваат известување за постапување по дадените препораки, дел од забелешките не се прифатени, а дел делумно се прифатени поради доставување на докази.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 22 до 24 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Кавадарци на сметката на основен буџет 637, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Кавадарци за 2008 година и е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Кавадарци застапувано од:

- Александар Панов, градоначалник од 10.04.2013 година до 31.10.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектира ни во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.09. до 21.12.2017 година кај Општина Кавадарци од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на главниот државен ревизор и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Лила Зафировска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Биљана Сурлевска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Нада Бојаџиевска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Насер Бафтијари, ревизор и овластен државен ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во 2015 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во Општина Кавадарци“ за 2014 година. До субјектот е доставен Преглед за имплементацијата на дадените препораки каде е констатирано дека од 11 дадени препораки: 2 препораки се спроведени, 5 препораки не се спроведени и 4 препораки се во тек на спроведување.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, на ден 24.01.2018 година.

На ден 11.04.2018 година, од страна на одговорното лице на Општина Кавадарци, примени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, број 12-333/2 од 05.03.2018 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека забелешката на точка 4.1.1., 4.2.1., 4.2.4., 4.2.5., 4.2.6. и 4.3.3., претставуваат известување за постапување по дадените препораки, забелешките на точките 4.2.2., 4.2.7, 4.2.8., 4.2.9., 4.3.1. и 4.4.1.

не се прифаќаат, од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот. Забелешката на точка 4.4.2. делумно се прифаќа поради настаната техничка грешка.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

## 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешните контроли кај процесот на плаќање ревизијата констатира дека во Општина Кавадарци во 2007 година донесен е интерен акт за текот на движење на документацијата со кој е воспоставено разграничување на одговорностите и овластувањата. Во Секторот за финансиски прашања предвидени се пет одделенија но истите се недоволно екипирани. Ревизијата утврди дека воспоставениот систем на внатрешни контроли кај процесот на плаќање не функционира, односно постојат ризици од плаќање по некомплетна и непотврдена документација поради тоа што нема донесено процедура за плаќање, нема назначено раководители на одделенијата во Секторот за финансиски прашања, а лицата задолжени за ex-ante и ex-post финансиска контрола не ја потврдуваат документацијата. Ова се должи на повеќегодишна воспоставена пракса, кое оневозможува разграничување на одговорностите и овластувањата при одобрување, извршување и сметководствено евидентирање.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за:
- екипирање на Секторот за финансиски прашања;
- изготвување на процедура за плаќање;
- лицата овластени за ex-ante и ex-post финансиски контроли да ја потврдуваат документацијата;

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметувањето и исплатата на платите и надоместоците на вработените во администрацијата (кои немаат статус на административни службеници) и во ТППЕ (Територијална против пожарна единица), ревизијата го констатира следното:
- Општина Кавадарци нема склучено колективен договор на ниво на работодавач, со кој треба да се утврдат коефициенти на сложеност како основа за пресметка на основната плата на вработените кои немаат статус

на административни службеници и работни места по групи на сложеност, што не е во согласност со член 48 од Колективниот договор за државни, правосудни и органи на локалната самоуправа и член 13, 14 и 15 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ;
- Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци, не е усогласен со Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ, поради што платата на вработените во Општината кои немаат статус на административни службеници и на вработените во ТППЕ се изразува во бодови;
- на вработените во општинската администрација кои немаат статус на административни службеници и на вработените во ТППЕ се исплатени додатоци на основната плата со примена на проценти (%) за зголемување на основната плата по час, и тоа за прекувремена работа на возач 35%, а на вработените во ТППЕ: за прекувремена работа 40%, за работа ноќе 40%, за работа во три смени 5%, за работа во ден на неделен одмор 40% и за работа во денови на празници и неработни денови 50%. Вака исплатените додатоци не се во согласност со членот 17 од Општиот колективен договор за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ со кој се утврдени зголемувања на основната плата по час и тоа: за прекувремена работа 29%, за работа ноќе 29%, за работа во три смени 4%, за работа во ден на неделен одмор 29% и за работа во денови на празници и неработни денови 42%.[1]

Непостоење на колективен договор на ниво на работодавач и не преземените активности за изменување и дополнување на интерните акти и нивно усогласување со важечките законски прописи и Општиот колективен договор за јавниот сектор, не овозможува целосно уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу работодавачот и вработените.
Ваквата состојба има за ефект несоодветни исплати на плати и надоместоци на вработените во општинската администрација кои немаат статус на државни службеници и на вработените во ТППЕ по разни основи.

По дадената препорака во Нацрт извештајот донесен е Правилник за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци-Локална самоуправа бр. 04-1884/1 од 02.04.2018 година, и изготвени се нови решенија за плати на вработените во ТППЕ усогласени со Правилникот.

**Препорака:**
- Градоначалникот на Општина Кавадарци да преземе активности за

[1] Сл. весник на РМ бр.85/2009

склучување на колективен договор на ниво на работодавач, согласно законот и важечките колективни договори кои се однесуваат на локалната самоуправа;
- исплатата на платата кај вработените во ТППЕ да се врши согласно донесениот Правилник и решенијата.

4.2.2. Согласно Законот за јавна внатрешна контрола Општина Кавадарци има основано единица за внатрешна ревизија (ЕВР) предвидена со Правилникот за систематизација на работните места како организациски облик независна од Секторот за финансиски прашања со предвидени две работни места и која е директно одговорна на градоначалникот согласно ЗЈВФК. Предвидените работни места не се пополнети, што не е во согласност со член 30 од ЗЈВФК согласно кој ЕВР задолжително се основа во сите субјекти од јавниот сектор чиј просечен годишен буџет/финансиски план во последните три години го надминува износот од 50 милиони денари.

За надминување на горенаведената состојба Општина Кавадарци и Општина Велес во февруари 2014 година имаат склучено договор за меѓу општинска соработка за обезбедување на услуги од внатрешна ревизија. Во јули 2017 година извршена е ревизија на внатрешните контроли, материјално финансиското работење и системот на јавни набавки во ООУ „Страшо Пинџур" Кавадарци за 2016 година, додека пак за работењето на општината досега не е извршена ревизија.

Ефект од оваа состојба е неостварување на целта, улогата и принципите на внатрешната ревизија, на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди поддршка и независно разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола, односно остварување на целите на субјектот.

**Препорака:**

Градоначалникот да преземе мерки и активности за екипирање на одделението за внатрешна ревизија со цел организирање и функционирање на внатрешната ревизија и целосно воспоставување на финансиско управување и контрола.

4.2.3. Општина Кавадарци нема воведено ISO 9001:2008 стандард за управување со квалитет кој треба да обезбеди подобрување и унапредување на ефикасноста и ефективноста на општинската администрација, што не е во согласност со Законот за воведување на систем на управување со квалитет. Општина Кавадарци преземала активности и во месец август 2015 година склучила договор со правно лице за набавка на услуги за имплементација на наведениот стандард за систем за управување со квалитет, со рок на траење од една година. Поради тоа што добавувачот не ја извршил услугата во договорениот рок до месец август 2016 година, Општина Кавадарци согласно член 4 од

договорот, во месец ноември 2017 година го известува добавувачот дека договорот не е веќе обврзувачки и не предизвикува правно дејство.
Градоначалникот на Општина Кавадарци во месец декември 2017 година донел Одлука за набавка на услуги за имплементација на систем за управување со квалитет согласно стандардот ISO 9001:2008, поради што ревизијата не дава препорака.

4.2.4. Во текот на 2016 година евидентирани се расходи за репрезентација во вкупен износ од 2.420 илјади денари за извршени угостителски услуги. Најголем дел од фактурите не се поткрепени со соодветна документација спецификации за направените расходи, ниту пак е наведено по кој повод се однесуваат направените трошоци. Општината нема донесено Правилник за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација, со кое ќе се определи висината на средствата наменети за репрезентација, лицата кои имаат право на користење на средства наменети за репрезентација и во кои случаи може да се користи репрезентација. Поради напред наведеното ревизијата не се увери во оправданоста на направените трошоци.
Исплата на сметки и фактури без комплетна документација создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата.

По дадената препорака во Нацрт извештајот донесен е Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци бр. 09-5126/1 од 21.12.2017 година со кој е определено во кои случаи може да се користат средствата за репрезентација, видови на репрезентација, овластување (кој има право на користење) и начин на користење.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за имплементирање на донесениот Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци.

4.2.5. Од ставката Горива и масла исплатени се средства во вкупен износ од 1.435 илјади денари. Дел од сметките не се поткрепени со соодветна поткрепувачка документација како налог за патување, налог за користење на патничките автомобили за службени потреби, од кои може да се утврди регистарски број на возилото, намената/целта на патувањето, и кој е корисник на возилото.
Дел од фактурите се однесуваат за исплатени средства за гориво за користење на сопствени возила од страна на градоначалникот, вработени и советници.
Причина за ваквата состојба е непостоење на внатрешни контроли и немање пишана процедура за користење на возила.
Ваквиот начин на исплата на средства без соодветна поткрепувачка

документација доведува до постоење на ризик од ненаменско користење на средствата, што не е во согласност со член 12 и 17 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

По дадената препорака во Нацрт извештајот донесен е Правилник за начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци – Локална самоуправа бр. 09-5125/1 од 21.12.2017 година и Правилник за користење на сопствено возило за службени цели бр.09-5127/1 од 21.12.2017 година.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности за:
- плаќањата да се вршат врз основа на веродостојна, уредна и комплетна документација;
- имплементирање на горенаведените правилници.

4.2.6. Во 2016 година на сметка Трансфери до невладини организации, евидентирани се расходи во вкупен износ од 400 илјади денари за изградба на верски објект во Кавадарци, врз основа на одлука на советот од 2015 година за одобрување на средства во вкупен износ од 1.000 илјади денари (600 илјади денари се исплатени во 2015 година). Исплата на средства за изградба на наведениот објект не е предвидено со Програмата за поддршка на невладиниот сектор за 2016 година, а по својот карактер претставува донација и спонзорство.
Општината за вака доделените средства нема склучено договор со примателот на донацијата и спонзорството согласно Законот за облигациони односи и член 4 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Предметот на договорот мора да биде остварување на јавен интерес. Општината како давател на донацијата/спонзорството, нема поднесено барање за потврдување на јавен интерес до Министерството за правда, кое треба со решение да потврди дека се работи за јавен интерес на дадената донација или спонзорство, согласно членот 21 точка 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.
Доделување на средства без склучување на договор со примателот на донацијата и спонзорството може да доведе до ненаменско користење на средствата.
Доделувањето на средства како финансиска поддршка за изградба на верски објект не е во надлежност на општината, што не е во согласност со член 22 од Законот за локална самоуправа и не е во согласност со член 19 од Уставот на Република Македонија за одвоеноста на верските заедници од државата.

**Препорака:**
- Советот при донесување одлуки да одобрува средства за финансирање на активности кои се во надлежност на Општината;

- Градоначалникот во случаите на донации и спонзорства со примателот на донацијата и спонзорството да склучува договор во писмена форма;
- надлежните лица во општината договорот за дадената донација и спонзорство да го достават до Министерството за правда, согласно законските прописи.

4.2.7. Во текот на 2016 година на сметка Трансфери до невладини организации, евидентирани се расходи во вкупен износ од 2.218 илјади денари за финансирање проекти од областа на културата и спортот, за кои ревизијата не може да обезбеди уверување за наменското и законското користење на средствата поради следните причини:

- исплатени се парични средства на здруженија и спортски клубови кои не се јавиле на јавниот повик објавен од страна на општината, не се предвидени со Програмата за поддршка на невладиниот сектор за 2016 година и Програмата во областа на спорт и млади за 2016 година и не се согласно Одлуката од Советот за распределување на финансиски средства наменети за финансирање на проекти и програмски активности на здруженија и фондации за 2016 година;
- на Здружение ФК „Тиквеш 2014“, Кавадарци исплатени се средства во вкупен износ од 2.030 илјади денари врз основа на две одлуки на советот со вкупен износ од 2.000 илјади денари и едно решение од градоначалникот за одобрување на финансиски средства во износ од 30 илјади денари, кои не се предвидени со Програмата во областа на спорт и млади за 2016 година. ФК „Тиквеш 2014“ има поднесено апликација по објавениот јавен повик за прибирање апликации за финансиска поддршка од буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година, наменета за спортисти, спортски клубови, професионални клубови, општински и училишни сојузи регистрирани на подрачјето на Општина Кавадарци, но Комисијата за спорт при постапката за избор на спортски клубови не ја земала во предвид и не извршила бодирање на апликацијата на ФК „Тиквеш 2014“. Исплатените средства на ФК „Тиквеш 2014“ врз основа на одлуки на советот и решение од градоначалникот, кои Комисијата за спорт не ги утврдила со постапката за избор на спортски клубови, не се во согласност со член 3 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот, со кој е уредено дека Комисијата треба да направи анализа и ќе ги селектира и рангира сите пристигнати апликации за финансиска поддршка од општинскиот буџет, врз основа на критериумите за оценување дадени во наведениот Правилник;
- здруженијата и спортските клубови до општината имаат доставено извештаи за реализираните проекти и програмски активности со финансиски и наративен извештај за расходите, но немаат приложена

документација како потврда за наменското трошење на средствата, ниту пак општината врши контрола на потрошените средства.

Доделувањето на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови кои не се предвидени со Програмата за НВО за 2016 година и Програмата во областа на спорт и млади за 2016 година на Општина Кавадарци, создава можност за несоодветно користење на средствата.

Ваквиот начин на доделување на средства од буџетот на општината и немање целосен увид во нивното трошење од страна на здруженија и спортски клубови, не е во согласност со член 26 од ЗФЕЛС и член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака :**

Надлежните органи на Општина Кавадарци да преземат активности:

- да се преиспита Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот, во функција на остварување на надлежностите на локалната самоуправа во областа на спортот преку развој на масовниот спорт и рекреативните надлежности;
- да не донесуваат одлуки за одобрување на финансиски средства на спортски клубови кои не се опфатени со постапката за избор на апликанти и кои не се утврдени во Програмата во областа на спорт и млади;
- да се обезбеди контрола на потрошените средства од страна на корисниците.

Комисијата за спорт со постапката за избор на спортски клубови кои ќе добијат финансиски средства од општината, да ги разгледува и да врши бодување на сите апликации/пријави поднесени по објавениот јавен повик, согласно критериумите од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот.

4.2.8. Општина Кавадарци во 2015 година склучила договор со Здружение за хумано домување (регистрирана непрофитна организација во РМ која е дел од меѓународна невладина организација), посветена на овозможување едноставни, пристојни и пристапни решенија за домување на семејства со ниски приходи кои живеат во потпросечни услови.

Согласно Договорот, Здружението за хумано домување треба да одобри заеми на апликанти: заедница на станари, мнозинство сопственици или управител, за реконструкција на зграда во Општина Кавадарци со цел подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување, а општината презема обврска да партиципира во финансирање на реконструкцијата на заедничките делови од зградата со средства во вкупен износ од 240 илјади денари или 20% од вкупната вредност на заедничките делови од станбената зграда наведена во апликацијата поднесена од сопствениците на посебните делови од станбената зграда. На јавниот повик бр.1/2015 спроведен од општината, за прибирање на

барања за остварување на правото на реконструкција на зграда, се јавиле тројца апликанти кои поднеле согласност за учество во проектот и имотни листови.

Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување, ја избира апликацијата бр. 20-345/2 која се однесува на зграда на ул. „Пано Мударов“ бр.4, со право на реконструкција на заедничките делови на зградата (постоечка фасада и кровна конструкција). Како критериум е земена местоположбата на зградата, односно таа да се наоѓа во централното градско подрачје, а не ги земала во предвид конкретните проектни критериуми на Здружението за хумано домување, односно преземање на обврска за проверка на условите за домување и приходите на секое семејство поединечно. Со вака направениот избор од страна на Комисијата не се остварува основната цел на проектот и не е во согласност со член 2 став 2 алинеја 3 од Договорот и со членот 7 став 4 алинеја 3 од Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци.

Доделувањето на средства за реконструкција, без да се запазат основните цели и критериуми на проектот за подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување, создава можност за субјективност во одлучувањето, фаворизирање и ненаменско користење на средствата на општината.

**Препорака:**

Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување, при изборот на апликант, да ги зема во предвид сите услови кои треба да ги исполнат апликантите за да го остварат правото на реконструкција утврдени во Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат и во договорот со Здружението за хумано домување.

4.2.9. Врз основа на доставено Барање за коорганизација на Квалификациони натпревари од Сениорската машка репрезентација кои требало да се одржат во Кавадарци врз основа на Одлука од Советот, на Македонската кошаркарска федерација од сметката Други трансфери исплатени се 994 илјади денари. Во Програмата за спорт и млади за 2016 година не се предвидени вакви програмски активности.

Потпишан е договор за ко-организација за три квалификациони натпревари од Сениорската машка репрезентација за учество на Европско првенство. Согласно договорот, МКФ до Градоначалникот и Советот на Општината треба да достави финансиски извештај за реализација на финансискиот дел кој е предмет на овој договор, но истиот не е доставен. На барање на ревизијата

истиот е доставен но со дата во период на вршење на ревизијата.
Оваа состојба упатува на ризик од покривање на трошоци за разни спортски активности без ограничувања кои би можеле сериозно да влијаат на буџетот на општината доколку истите не се предвидени во Програмата за спорт.

**Препорака:**
Надлежните органи при доделување на средства за спортски активности да ги имаат во предвид надлежностите на општината во областа спорт утврдени со Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.
За доделени средства да се почитуваат обврски за изготвување на финансиски извештај поткрепен со соодветна документација.

4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Во 2016 година Општината има спроведено постапки и извршено директни набавки на светилки и други материјали за одржување на улично јавно осветлување во вкупен износ од 1.756 илјади денари.
За материјалите како што се канцелариски материјали и материјалите за одржување на улично осветлување не се води материјална евиденција и не се евидентираат на сметките за залихи. За материјалите за одржување на улично јавно осветлување задолжено е лице од Општината кое е овластено да врши надзор на работите.

Немањето материјална евиденција поткрепена со соодветни документи за прием и издавање на истите е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а несоодветното ракување со истите може да доведе до зголемени расходи и ненаменско користење на истите.
Причина за оваа појава е воспоставена пракса во општината.

**Препорака:**
Надлежните служби набавката материјали да ја регулираат со општ акт/пишана процедура со дефинирање на начинот на процесот на набавка, евидентирање на залихите, приемот и издавањето на материјалите и пописот на крајот на годината.

4.3.2. Со увид во извештајот за извршен попис на средствата, изворите на средства, побарувањата и обврските на Општината, со состојба на 31.12.2016 година ревизијата утврди дека не е донесен План за вршење на попис со кој треба да се утврдат временските рокови за извршување на сите активности поврзани со пописот, од почнување на пописот до доставување на писмен извештај и извршен отпис на застарени побарувања и обврски за повеќе години.
Ова има влијание на ненавремено почнување/завршување со пописот и

нецелосно извршен попис.

Согласно донесената Одлука за отпис на застарени побарувања и обврски од 28.02.2017 година извршен е отпис со состојба на 31.12.2016 година во вкупен износ од 7.584 илјади денари и тоа на:

- застарени побарувања, побарувања од вработени за гориво и патарина од 2012 година во износ од 5.270 илјади денари;
- застарени обврски кон добавувачи, обврски кон советници за неисплатен паушал од 2008 година и спорни обврски од 2006 и 2007 година во износ од 2.314 илјади денари.

Ненавремено преземени мерки за наплата на побарувањата согласно законската регулатива придонело до отпис на побарувања и обврски, што придонесува до нереална основа за планирање на буџетот на Општината и постоење на ризик од остварување на помали приходи.

**Препорака:**

- одговорното лице на Секторот за финансиски прашања пред започнување на пописот да иницира донесување на План за вршење на пописот;
- надлежните служби навремено да преземаат мерки и активности за наплата на неплатените побарувања согласно законските одредби.

4.3.3. Постојаните средства во Билансот на состојбата на ден 31.12.2016 година проценети во износ од 688.342 илјади денари се нереално и необјективно прикажани поради следното:

- не е направена проценка на дел од возилата со посебна намена /противпожарни возила добиени како донација во 2012 / 2013 година;
- не се проценети дел од објектите и тоа: училишни згради во селските населби, младински културен дом, детски градинки, основни училишта, гимназија, спортска сала, пречистителна станица, зграда на ППЕ, пионерски дом, дом на културата , библиотеката (за истите има имотни листи);
- не е проценето дел од земјиштето покрај згради со вкупна површина 31.887 м2 и покрај тоа што има обезбедено имотни листи;
- не се применети соодветни стапки за амортизацијата утврдени во рамките на групите пропишани во подзаконските акти и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и не се пресметува амортизација на горниот слој на улиците/патиштата.

Ваквата состојба придонесува за нереално и необјективно искажување на средствата и изворите на средства во Билансот на состојба.

По дадената препорака во Нацрт извештајот извршена е проценка од овластен проценител на против пожарните возила и доставени се прегледи (РЕФ 1 за згради, градежно земјиште и патишта и улици) и преглед на објекти – згради

без прилог на проценка и не е доставен налог за корекција на амортизацијата.

**Препорака:**
Одговорното лице во сметководство да преземе мерки и активности да:

- се изврши проценка на земјиштето и зградите согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, и да се изврши сметководствено евидентирање;
- пресметката на амортизацијата на средствата да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Во февруари 2012 година објавен е Отворен повик за доделување на договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци.[2] Во врска со постапката на ревизијата не и е дадено на увид комплетното досие со сите потребни документи, туку само фотокопие на дел од документите. Не е дадена на увид следната документација ни како фотокопие: оригинал понуда од ПП со документи за докажување на: личната состојба, способност за вршење на професионална дејност, на економската и финансиската состојба, на техничката и професионалната способност; Записник од јавно отворање на понудите; Барање до ЈП за согласност за ангажирање на подизведувач.

Со увид во документацијата која беше на располагање на ревизијата и направеното интервју со овластено лице/надзор ревизијата го утврди следното:

- вредноста на Договорот за воспоставување на ЈПП (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општината[3] изнесува 111.510 илјади денари, додека пак во Отворениот повик и Одлуката за започнување на постапка проценетата вредност на договорот за ЈПП изнесува 61.360 илјади денари, при што постои разлика од 50.150 илјада денари;
- ПП не доставил банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во износ од 0,3% од вредноста на договорот за време на важност на договорот (согласно член 18, став 2 од Законот за јавни набавки);
- со Договорот за ЈПП се предвидени активности за: дислокација на мерна опрема, нумерација на столбови и слично, почнувајќи од централното

[2] Отворен повик 1/2012 (арх. Бр. 18-713/3 од 10.02.2012 година)
[3] Договор за ЈПП бр. 03-713/8 од 17.06.2012 година

градско подрачје, движејќи се спрема периферијата за да заврши со руралните подрачја; изработка на Основен и изведбен проект; воведување на автоматизација што опфаќа воспоставување на систем за увид во светилките и добивање на информација за нивна вклученост и потреба за замена или друг вид на интервенција; контрола на потрошувачка на електрична енергија што опфаќа изместување на броилата и заштитната опрема надвор од ТС на ЕВН во посебни ормани (вкупно 90);

- во договорот предвидените рокови се: за детално снимање и изготвување на основен и изведбен проект за реконструкција рок не подолг од 30 дена од склучување на договорот (проектот не е даден на увид на ревизијата, надзорот не го презентира). За поставување дислокација на мерна опрема, нумерација на столбови рок не подолг од 180 дена, односно најкасно до 23.12.2012 година, воведување на автоматизација во рок од 250 дена, односно до 03.03.2013 година. Со увид во градежните дневници (дел не се потпишани од надзорот, а не се води градежна книга) активностите се завршени на 02.09.2013 година и е извршено примопредавање на системот за јавно осветлување на Општина Кавадарци[4];
- ПП работите ги извршува преку подизведувач за што склучил Договор за под изведување на електроинсталатерски работи – менување и одржување на светилки на територијата на град Кавадарци[5] при што на ревизијата не е дадено на увид Барање до ЈП за добивање на согласност за ангажирање на подизведувач и потребна документација за тоа дали истиот има лиценци, стручни и технички капацитет. Исто така има неусогласеност на рокот на важност на договорот во истиот се споменуваат 3, 5 и 10 години, се однесува за 2676 светилки (а во Договорот за ЈПП се предвидени 2714 светилки);
- ревизијата не можеше да го потврди бројот на светилки и крајниот рок на поставување на истите поради следното: примопредавање на системот за јавно осветлување е извршено на 13.09.2013 година, во јануари 2014 година ЈП со допис до ПП[6] известува „досега согласно потпишаните записници инсталирани се 2595 лед светилки со различна моќност. Останува до целосна реализација да се постават уште 119 лед светилки. Овие светилки треба да се замена за светилките поставени на канделабри во опал топки“. Согласно интервјуто со надзорот, поставени се 2714 светилки при што руралните населби не се опфатени со исклучок

[4] Записник бр. 19-4292/1 од 13.09.2013 година
[5] Договор за подизведување бр 03-120/1 од 19.09.2012 година
[6] Допис до ПП бр. 19-272/1 од 22.01.2014 година

на с. Ваташа и нас. Глишиќ бидејќи мрежата е неделива, а бројот на светилки е исцрпен со градското подрачје;

- делумно е извршено изместување на броилата и заштитната опрема надвор од ТС на ЕВН, односно ПП со допис[7] го известува ЈП „дека се испорачани и монтирани 30 (триесет) разводни ормани... бројката од 90 ормани која што е наведена како обврска за нас е предимензионирана, со што со оваа бројка во моментот во потполност имаме покриеност на целиот систем за јавно осветлување кој што е предмет на договорот за ЈПП. Со оваа испорачана количина потврдуваме дека системот е оптимизиран и доколку во наредниот период се појави потреба од поставување на нови ормани во договор со Вас и ЕВН ќе бидат поставени". Од градежните дневници може да се види дека изместување на орманите е вршено и во текот на 2014 и 2015 година (предвиден краен рок во договорот е 23.12.2012 година);
- согласно Договорот за ЈПП Општината (ЈП) има обврска да плаќа годишен ануитет поделен на 12 еднакви месечни рати, со тоа што ЈП ќе започне со плаќање на месечен надомест 30 дена по целосно инсталирање на новите светлечки тела од страна на ПП. Првата фактура[8] за првиот ануитет исплатена е со извод 161 од 09.10.2012 година. До денот на примопредавање 13.09.2013 година фактурирани се и исплатени девет ануитети во вкупен износ од 5.575 илјади денари, што не е во согласност со член 13 став 6 од Договорот за ЈПП;
- во Техничката спецификација од Отворениот повик предвидено е формирање на Кол центар, а во Договорот за ЈПП формирање на истиот не е предвидено, до денот на завршување на ревизијата истиот не е формиран, иако ЈП упатува Барање за воспоставување на истиот[9];
- во 2012, 2013, 2014 и 2016 година изведено е ново осветлување (проширување на мрежата на јавно осветлување) на конкретни објекти - јавни површини и тоа: набавка, транспорт и монтажа на електронски уреди за заштеда на електрична енергија кај систем за улично осветлување; спортски центар сала Јасмин; северен булевар Цветан Димов и Едвард Кардељ; Костурница; парк позади Лепотици, во вкупен износ од 9.800 илјади денари, при што примопредавање на истите не е извршено. Согласно Договорот за ЈПП за новите инвестиции треба да се изврши предавање на ПП за понатамошно одржување на јавното осветлување. Со ваквиот начин на постапување не се почитувани во целост одредбите од договорот за ЈПП и истото придонесува за ризик од зголемени трошоци за општината.

---

[7] Известување бр. 03-81/1 од 02.06.2014 година
[8] Фактура бр. 33/2012 од 05.10.2012 година
[9] Барање бр. 19-2487/1 од 27.05.2014 година

Во прилог на забелешките доставена е Одлука бр. 08-984/2 од 02.03.2018 година од Советот на Општина Кавадарци за давање на Согласност за потпишување на Спогодба за раскинување на Договор за јавно приватно партнерство (Концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци бр.03-713/8 од 27.06.2012 година.

Меѓу ЈП и ПП склучена е Спогодба бр. 09-1285/1 од 07.03.2018 година за раскинување на Договор за јавно приватно партнерство (Концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци бр.03-713/8 од 27.06.2012 година.

4.4.2. И покрај тоа што Општина Кавадарци во 2012 година има склучено Договор за воспоставување на ЈПП (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување, склучени се договори: во 2012 година за набавка, транспорт и монтажа на електронски уреди за заштеда на електрична енергија кај систем за улично осветлување; а во периодот 2014, 2015 и 2016 година за набавка на услуга тековно одржување на јавно осветлување; набавка на светилки и други материјали за одржување на јавното осветлување во вкупен износ од 5.830 илјади денари.

Ваквиот начин на работење доведува до зголемени расходи и можност за ненаменско трошење на средствата.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди во точките 4.2., 4.3. и 4.4. е не донесен акт за користење на средства за репрезентација, плаќање по некомплетна документација, не донесена процедура за користење на возилата на општината, за работењето на општината нема извршено внатрешна ревизија, во текот на 2016 година доделени се средства на здруженија на граѓани и спортски клубови кои не се предвидени со Програмата за поддршка на невладиниот сектор за 2016 година и Програмата во областа на спорт и млади за 2016 година, при што не се почитува Правилникот за одредување на критериумите и условите при доделување на средства, во врска со постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци (отворен повик) не е обезбедена комплетна документација и е констатирано непочитување на одредбите од договорот за ЈПП, не е пресметана амортизација согласно пропишаните амортизациони стапки, некомплетно проценет имот за кој има имотни листи, не евидентиран имот на општината во сметководствената евиденција и невоспоставена материјална евиденција за набавките на материјали.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Кавадарци на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Кавадарци, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на ревизијата од страна на надлежните служби извршена е корекција на ставката Активни временски разграничувања и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените за износ од 3.251 илјади денари, поради не евидентирани обврски за нето плата, придонеси и персонален данок од плата, надоместоци на советници и персонален данок на надоместоци за месец декември 2016 година.

## 7. Останати прашања

7.1. Со измените на Законот за градење во месец февруари и септември во 2014 година со членот 67-а се пропишуваат надлежности на советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во делот на донесување на одлуки за пропишување на изгледот на фасадите на еден или повеќе објекти и реконструкција на фасади на колективни станбени згради, но доколку општините утврдат дека тоа е од значење за општината. Во тие случаи инвеститор е општината, без да се дефинира во кои случаи пропишувањето на изгледот на фасадата на еден или повеќе објекти е од значење за општината.

Со одредбите од член 67-а од Законот за градење, на општините се дадени надлежности кои не се во согласност со надлежностите на општините пропишани со одредбите од членот 22 од Законот за локалната самоуправа, кој е системски

Закон, без да прецизира и утврди што е објект од значење за општината и како истото се докажува. Овие надлежности покрај со Законот за локална самоуправа не се утврдени и не се во согласност со надлежностите на општините во Градот Скопје утврдени во член 15 од Законот за Градот Скопје и членовите од 101 до 104 од Законот за домување.

Ревизијата е на мислење дека со ваквото законско решение постои колизија кај законската регулатива која ги регулира надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 197.199 | 180.084 |
| **Вкупно приходи** | | **197.199** | **180.084** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 40.730 | 38.596 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 51 | 16 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 58.761 | 50.901 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 25.627 | 20.156 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 1.321 | 1.481 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **126.490** | **111.150** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 70.709 | 68.934 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **70.709** | **68.934** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **197.199** | **180.084** |

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | **4.1.1.** | 39 | 45 |
| Побарувања од вработените | **4.1.2.** | 20 | 36 |
| Финансиски и пресметковни односи | **4.1.3.** | 0 | 2.637 |
| Активни временски разграничувања | **4.1.4.** | 41.196 | 53.829 |
| **Вкупно тековни средства** | | **41.255** | **56.547** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | **4.2.1.** | 3.238 | 2.165 |
| Материјални добра и природни богатства | **4.2.2.** | 80.833 | 19.099 |
| Материјални средства | **4.2.3.** | 602.308 | 536.682 |
| Материјални средства во подготовка | **4.2.4.** | 1.963 | 2.450 |
| **Вкупно постојани средства** | | **688.342** | **560.396** |
| **Вкупна актива** | | **729.597** | **616.943** |
| **Вонбилансна евиденција - Актива** | 4.3. | **135.324** | **135.071** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | **4.4.1.** | 37.944 | 50.687 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | **4.4.2.** | 3.252 | 3.142 |
| Пасивни временски разграничувања | **4.4.3.** | 2.022 | 5.167 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **43.218** | **58.996** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | **4.5.1.** | 686.379 | 557.947 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **686.379** | **557.947** |
| **Вкупна пасива** | | **729.597** | **616.943** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасива** | 4.6. | **135.324** | **135.071** |

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **557.947** | **557.947** |
| **Зголемување по основ на:** | **116.523** | **116.523** |
| Набавки | 116.523 | **116.523** |
| **Намалување по основ на:** | **(11.909)** | **(11.909)** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - |
| Амортизација | (11.909) | **(11.909)** |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **686.379** | **686.379** |

Република Македонија
Општина Кавадарци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОН [redacted]
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИ
СКОПЈЕ
Примено: 11.04.2018
12 - 333/6

ДО:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Овластен државен ревизор
СКОПЈЕ

Арх.Бр. 30-1390/6

Дата: 10.04.2018
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

ПРЕДМЕТ:Забелешки по нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година во Општина Кавадарци

Државниот завод за ревизија во периодот од 25.09.2017 до 21.12.2017 година изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста на Општина Кавадарци за 2016 година, при што се утврдени одредени состојби, наоди и констатации и изготвени се Нацрт извештаи .Со Доставувањето на Нацрт извештаите даден ни е рок во кој доколку имаме забелешки на Нацрт извештаите, за истите писмено да го известиме Овластениот државен ревизор во рок од 30 дена од денот на прием.

По разгледувањето и анализирањето на Нацрт извештаите од извршената ревизија, Ви ги доставуваме следните забелешки:

***-Сметка на основен буџет (637)***

* Во врска со забелешките во точка 4.1. Внатрешни контроли,- ревизијата утврди дека воспоставениот систем на внатрешни контроли кај процесот на плаќање не функционира , поради тоа што нема донесено процедури за плаќање.Дадени ни се следниве препораки:

-екипирање на секторот за финансиски прашања;
-изготвување на процедура за плаќање;
-лицата овластени за ex-ante и ex-post финансиски контроли да ја потврдуваат документацијата.

По однос на оваа забелешка ве известуваме дека по дадената препорака е изготвена процедура за плаќање по која во моментов се постапува и истата Ви ја доставуваме на увид. Исто така лицата овластени за ex-ante и ex-post финансиски контроли ја потврдуваат документацијата почнувајќи од 01.01.2018 година.

* Во врска со забелешките во точка 4.2.1.Усогласеност со закони и прописи,- ревизијата ни ги даде следниве препораки:

-градоначалникот на Општина Кавадарци да превземе активности за склучување на колективен договор на ниво на работодавач, согласно законот и важечките колективни договори кои се однесуваат на локалната самоуправа;

-надлежните служби да превземат активности за измени на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина

[redacted]

Кавадарци, согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ.

По однос на оваа забелешка ве известуваме дека по дадената препорака е изготвена измена на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци и Нови усогласени со Правилникот, решенија за плати на вработените во Territotијалната против пожарна единица , и истите ви ги доставуваме на увид.

За склучување на колективен договор на ниво на работодавач, е потребен подолг рок и за оваа забелешка ќе бидете дополнително известени.

* Во врска со забелешките во точка 4.2.2.-ревизијата ја даде следнава препорака:

-Градоначалникот да преземе мерки и активности за екипирање на одделението за внатрешна ревизија со цел организирање и функционирање на внатрешната ревизија и целосно воспоставување на финансиско управување и контрола.

По однос на оваа забелешка ве известуваме дека согласно чл.14 од Законот за локална самоуправа и чл.9 и чл.29 од Законот за меѓуопштинска соработка , Општина Кавадарци има склучено Договор за меѓуопштинска соработка со општина Велес, заверен под бр.03-717/2 од 17.02.2014 год. и објавен во Службен весник на РМ бр.40/2014. Предмет на договорот е вршење услуги од внатрешен ревизот од Општина Велес за потребите на Општина Кавадарци.По овој договор е постапено со вршење ревизија во ООМБУ Лазо Мицев Рале , за периодот 01.01.2015-31.07.2016 год и извршена ревизија во ООУ Страшо Пинџур за периодот 01.01.2016-31.12.2016 год.

Постапувајќи по овој договор Внатрешниот ревизор ни ги доставува Повелбата за внатрешна ревизија бр.17-4586/1 од 20.09.2016 , Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2017 година бр.17-5782/3 од 21.12.2016 год , и Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за периодот 2017-2019 година кои ви ги доставуваме во копија.

Исто така сметајќи дека имаме потреба од лице кое ќе биде вработено како ревизор во Општина Кавадарци на ден 24.08.2016 год поднесено е барање бр.10-903 до Агенцијата за администрација на РМ за објавување на јавен оглас бр. 08/2016 за вработување на административни службеници. Во овој јавен оглас во точка 5 наведена е потребата од вработување на Помлад соработник за внатрешна ревизија.По јавниот оглас на 21.10.2016 год.од Агенцијата за администрација на РМ даден е конечен предлог за вработување на кандидат.За работното место Помлад соработник за внатрешна ревизија не е извршен избор. Комплетната документација која се однесува на огласот и изборот на кандидати како и склучениот Договор за меѓуопштинска соработка со општина Велес, годишните и Стратешки планови за ревизија во фотокопија ви ја доставуваме на увид..

Арх.Бр.__________

Дата:__________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

* Во врска со забелешките во точка 4.2.4.-ревизијата ја даде следнава препорака:

-Градоначалникот да преземе мерки и активности да се донесе акт за репрезентација за правото,начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Општината, со кој ќе се определи висината на средствата наменети за репрезентација и лицата кои имаат право на користење на средствата за репрезентација.

По однос на оваа забелешка ве известуваме дека по дадената препорака е изготвена процедура за користење на средствата за репрезентација по која во моментов се постапува и истата ви ја доставуваме на увид.

* Во врска со забелешките во точка 4.2.5.-ревизијата ја даде следнава препорака:

Градоначалникот да преземе мерки и активности за:

-плаќањата да се вршат врз основа на веродостојна,уредна и комплетна документација,

-изготвување на процедура за користење на службените возила.

По однос на оваа забелешка цениме дека ревизијата не ја согледала во целост постапката на проток на документи ,нивната евиденција , комплетност и веродостојност.Од таа причина во прилог даваме појаснување на постапката со прилог копија на случаен примерок од движењата на документите .За повторно разгледување на оваа забелешка ,доколку цените дека е потребно, ви стоиме на располагање со целокупната документација по наведениот основ.

Опис на постапката:

1.Постапка за евиденција на верна картички

Постапката за набавка на гориво започнува со набавка на верна картички од страна на лицето задолжено за манипулација со верна картичката на основ на Потпишано полномошно за набавка на верна картички од Градоначалникот.(Копија од полномошно)
По набавката на ВК се врши евиденција во КАСА боневи гориво во која се изготвува Каса прими со спецификација за секоја картичка пооделно со впишување на серискиот број на картичката врз основа на Добиена фактура од добавувачот.
Издавањето на верна картичката се врши врз основа на Барање за користење на верна картичка потпишано од страна на Секретарот или градоначалникот(Копија од Барање за користење на верна картичка).Лицето задолжено за манипулација со верна картичка изготвува Каса Исплати на која стои лицето на кое се издава картичката и серискиот број на верна картичка.По искористувањето на верна картичката лицето задолжено со истата доставува фискалната сметката со која е потрошено горивото и истата е составен дел од Каса Исплати.

Арх.Бр.____________

Дата:____________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

[redacted]

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

По издавањето на сите верна картички содржани во фактурата истата се доставува до книговодството на книжење.-Комплет Каса прими и каса исплати.(Копија од налогот за книжење)
Во книговодствената евиденција во Касата за боневи гориво најпрво се задолжува касата со верна картичките од соодветната фактура-Каса Прими а потоа од истата фактура со Каса Исплати се задолжува соодветното лице кое ја подигнало верна картичката и истовремено со фискалната каса за потрошено гориво истото лице се раздолжува.(Налог за книжење)

2.
При Службено патување надвор од градот Лицето кое управува со моторно возило Изготвува **Налог за службено патување** во кој се потпишува лицето кое патува. (Копија од налогот за службено патување)
Истовремено се врши упис на почетната состојба на километражата во соодветен образец за упис на километража , а на крајот од патувањето крајната сосотојба на километражата (Копија од Образецот).
Во иститот образец се евидентира и сите возења во Градот Кавадарци до соодветни институции со упис на почетна и крајна сосотојба на километражата и потпис на лицето кое го користи возилото

3,По секое службено патување се изготвува Патна сметка во која се евидентира Износот на Патарини кој бил потрошен при патувањето поткрепен со фискални сметки.Патната сметка се прокнижува во книговодствената евиденција со раздолжување на соодветното лице задолжено за користење на картичката.
Општината поседува дебитни картички со кој се плаќа патарината.
Секој месец пристигнува Извод од сметката на кој е прикажан износот на Прилив и одлив на парични средства по оделни картички.(Копија од налог со сметки)

Што се однесува до препораката за изготвување на пишана процедура за користење на службени возила , по истата веќе постапивме, процедурата е изготвена и истата ви ја доставуваме на увид.
Прилог -Правилник за начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци-Локална самоуправа заверен под бр. 09-5125/1 од 21.12.2017 год.
Прилог -Правилник за користење на сопствено возило за службени цели заверен под бр. 09-5127/1 од 21.12.2017 год.

* Во врска со забелешките во точка 4.2.6., која се однесува за финансирање на верски објект во Кавадарци врз основа на одлука на совет-ревизијата ја даде следнава препорака:
-Советот при донесување одлуки да одобрува средства за финансирање на активности кои се во надлежност на Општината;
-Градоначалникот во случаите на донации и спонзорства со примателот на донацијата и спонзорството да склучува договор во писмена форма;

[redacted]

-Надлежните лица во општината договорот за дадената донација и спонзорство да го достават до Министерството за правда, согласно законските прописи.

Постапувајќи по препораките на ревизијата , на доставеното Барање од МПЦ-Повардарска православна епархија, за реновирање на Црквата "Св.вмч.Димитриј" Кавадарци , донесе Заклучок бр.08-1291/49 од 14.03.2018 год. Со заклучокот , реконструкцијата на црквата нема да се финансира од Буџетот на Општината, тука Советот на Општина Кавадарци формира Одбор за собирање донации од правни и физички лица за реновитање на Црквата.

Прилог : Заклучок бр.08-1291/49 од 14.03.2018год

* Во врска со забелешките во точка 4.2.7. која се однесува за финансирање на проекти од областа на културата и спортот- ревизијата ја даде следнава препорака:
Надлежните органи на Општина Кавадарци да преземат активности:

-да се преиспита Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање програми,проекти,натпревари и манифестации од областа на спортот ;

-да не донесуваат одлуки за одобрување на финансиски средства на спортски клубови кои не се опфатени во Програмата во областа на спорт и млади;

-да обезбеди контрола на потрошените средства од страна на корисниците.

Доделувањето на средства кои не се предвидени со Програмата,создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност и незаконско користење на средстват.

Во врска со оваа забелешка сакаме да ги потенцираме квалификациите :субјективни,нетранспарентно и незаконски, за кои сметаме дека се несоодветни и предимензионирани .

Точен е фактот дека за одредени апликации се одлучувало дополнително, заради нивно дополнително доставување .Меѓутоа за дополнително доставените апликации се одлучува исклучиво на совет во присуство на сите советници, со доставено барање и предлог одлука-даден како седничен материјал, со можност за дискусија, со присуство на медиумите (седниците задолжително се снимаат и се објавуваат со директен пренос и реприза на локална телевизија), и со лично изјаснување преку јавно гласање на сите советници.Значи наместо на комисија со присуство на пет члена ,за дополнителните апликации се одлучува на совет со 19 советници.Оттука сметаме дека нема субјективност и нетранспарентност во одлучувањето.Што се однесува до законитоста , истата сметаме дека е запазена со фактот што се доставени финансиски и наративен извештај за расходите, кои се уредно потпишани и заверени од одговорните лица во клубовите, а кај поголемите здруженија како што е наведениот пример со ФК Тиквеш 2014 ,

Арх.Бр.__________
Дата:__________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

[redacted]

за годишниот извештај има одлука и од нивниот управен одбор за прифаќање на извештајот.

Со Предлог програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2016 год предвидено е финансирање на 24 спортски клубови со вкупна вредност од 1.300.000,00 ден ; потоа финансирање на Програмските активности на Сојузот на спортови со 700.000,00 ден И финансирање на ФК Тиквеш и меморијалниот турнир Вуко Каров со износ од 1.000.000,00 ден.

На комисијата за спорт со записник бр.08-1863/2 од 04.04.2016 е одлучено пријавата на ФК Тиквеш да не се разгледува ( да не се бодира ) од причина што за истиот клуб ќе бидат издвоени средства во висина на 1.000.000,00 ден

Од таа причина во Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2016 год донесена на седницата на совет од 20.04.2016 год не се предвидени парични средства за Фк Тиквеш, меќутоа на истата седница донесена е посебна Одлука за одобрување на финансиски средства на Фк Тиквеш од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 год. на износ од 1.000.000,00 ден.

Во прилог ви ги доставуваме Предлог програмата за спорт, усвоената Програма, Одлуката за одобрување на средства за ФК Тиквеш, Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2016 год, Заклучок донесен на совет за усвојување на овој Извештај,Посебен извештај од ФК Тиквеш, како И поединечните извештаи од сите спортски клубови.

Арх.Бр.____________

Дата:____________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

* Во врска со забелешките во точка 4.2.8.ревизијата констатирала дека при реализација на проектот за обезбедување на подршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување, како критериум е земена местоположбата на зградата (централно градско подрачје) место конкретните проектни критериуми-приходите на секое семејство.Ревизијата ја дала следнава препорака:

Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската сфикасност во колективното домување, при изборот на апликант, да ги зема во предвид сите услови кои треба да ги исполнат апликантите за да го остварат правото на реконструкција утврдени во Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат и во договорот со Здружението за хумано домување.

Во врска со оваа забелешка, сметаме дека не се согледани или не ни се дадени на увид сите аспекти по основ на ова прашање па во продолжение даваме појаснување и копија од сите документи кои го подржуваат направеното одлучување.

Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективно домување спровела три јавни повици односно за

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

2015, 2016 и 2017 година. На повикот за 2015 год се јавиле 3 апликанти кои што ги исполнуваат условите, од кој е избран само еден и тоа е апликацијата бр. 20-345/2 а се однесува на зградата на ул.Пано Мударов бр.4. За 2016 година се пристигнати 4 апликации, а беа прифатени 3 кои ги исполнуваат критериумите од Правилникот. По јавниот повик за 2017 година прифатени се сите 3 апликации.
Од Записниците во прилог може да се виде дека апликантите кои поднеле апликација по повикот во 2015 година аплицирале по надерните повици и нивните апликации се одобрени, со што се исклучува можноста за селективнос и пристрасост при изборот на зградите. Уште еднаш потенцираме дека главниот импакт на овој проект се однесува на заштита на животната средина преку редуцирање на искористување на енергенсите и намалување на загадувањето на животната средина.
Истовремено, иако не е дел од Правилникот, деловните простории, во склоп на колективните згради кои се субвенционираа не беа предмет на финансиска поддршка во сите 3 повици 2015/16/17 година, односно нивните делови се финансираа од сопствени средства во целокупен износ без учество на општина Кавадарци.
Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективно домување за избор на апликации, по однос на критериумите од Правилникот за одредување на критериумот ниски примањаво предвид ја земаше Методологијата на Хабитат за одредување на граница на сиромаштија.
Согласно Методологијата границата на сиромаштија изнесува 68.956 денари примања по фамилија месечно на ниво на Република Македонија. Според Методологијата на Хабитат за испитување на граница на сиромашност, се опфаќаат сите станари на зградите апликанти по јавните повици и за 2015, 2016 и 2017 година.
Имајќи во предвид дека критериумот ,, ниски примања,, е тешко мерлив, во ,,Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање на имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во стамбените згради за колективно домување во општина Кавадарци,, бр. 08-272/8 од 31.01.2018 година,ниските примања како критериум се исклучени а фокусот како и во предходниот правилник е насочен кон заштеда на енергија , ресурси и заштита на животната средина.

Арх.Бр.____________
Дата:____________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.____________

Дата:____________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Во прилог ви доставуваме копија од:

- записник бр 08-5805/5 од 18.03.2015;
- записник бр.08-1206/2 од 21.03.2016;
- записник бр.22-1024/6 од 06.09.2017;
- Правилник за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за субвенционирање и имплементирање на мерките за обезбедување подршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во станбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци, и
- Методологија за избор на семејства на Хабитат Македонија

* Во врска со забелешките во точка 4.2.9.ревизијата констатирала дека Општина Кавадарци врз основа на Одлука на Совет, склучила Договор за ко-организација со Македонската кошаркарска федерација за три квалификациони натпревари од Сениорската машка репрезентација за учество на Европско првенство. Ревизијата ја дала следнава препорака:

Надлежните органи при доделување на средства за спортски активности да ги имаат во предвид надлежностите на општината во областа спорт утврдени со Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.

За доделените средства да се почитуваат обврски за изготвување на финансиски извештај поткрепен со соодветна документација.

Во врска со оваа забелешка, сакаме да дадеме појаснување дека барањето на средства за ко-организација на квалификациите на МКФ во Општина Кавадарци е добиено на 25.03.2016год поради што не било можно истото да се предвиди во Програмата за спорт и млади за 2016год .Од таа причина истото е ставено на разгледување и одлучување на седица на совет на 20.04.2016 год. Врз основа на донесената Одлука за одобрување на финансиски средства на Македонска Кошаркарска Федерација од Буџетот на Општина Кавадарци за 2016 година , склучен е Договор бр.09-2450/1 од 10.05.2016 год за ко-организација на квалификации на Европско Првенство во кошарка за Сениорска машка репрезентација 2016.Во член 5 од Договорот МКФ се обврзала до Градоначалникот и Советот на општина Кавадарци да достави финансиски извештај за реализација на финансискиот дел од овој Договор.Овој извештај е доставен до Општината на ден ЃЃЃЃЃЃЃЃЃЃ на барање на Општината , иницирано од ревизијата.

* Во врска со забелешките во точка 4.3.1.ревизијата ја дала следната препорака:

Надлежните служби набавката на материјали да ја регулираат со општ акт/пишана процедура со дефинирање на начинот на процесот на набавка, евидентирање на залихите, приемот и издавањето на материјалите и пописот на крајот на годината.

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

По однос на оваа забелешка сметаме дека ревизијата не го согледала во целост начинот на прием и издавање на канцелариски материјали , па од таа причина даваме кратко појаснување и копија од една конкретни набавки и издавање на канцелариски материјали.

Приемот на канцеларискиот материјал се врши од страна на овластено лице вработено во Општина Кавадарци. При приемот на канцеларискиот материјал од страна на овластеното лице се изготвува приемница за примениот канцелариски материјал. Врз основа на приемницата овластеното лице изготвува испратници за издадениот канцелариски материјал до вработените. Канцеларискиот материјал се издава по канцеларии и на испратницата е напишан бројот на канцеларијата, лицата кој што работат во канцеларијата и испратницата е потпишана од еден од лицата кој што работат во наведената канцеларија. Процесот на прием и на издавање на канцеларискиот материјал се врши во еден ден и затоа канцеларискиот материјал не се евидентира на залиха.

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Прилог:
- Копија од фактури со испратница за набавка на канцелариски материјал по тендер за 2016 година,
- Приемници за примен канцелариски материјал потпишани од страна на овластено лице вработено во Општина Кавадарци и
- Испратници за издаден канцелариски материјал потпишани од лица кое што го примиле канцеларискиот материјал а работат во канцеларија чии што број е напишан на испратницата.

* Во врска со забелешките во точка 4.3.3., која се однесува за искажување на постојаните средства во Билансот на состојба по реални-проценети вредности-ревизијата ја даде следнава препорака:

-Да се изврши проценка на земјиштето и зградите согласно Методологијата за проценка на пазарната вредност на недвижниот имот, и да се изврши сметководствено евидентирање;

-Пресметката на амортизацијата на средствата да се врши согласно одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Постапувајќи по препораките на ревизијата извршена е проценка од овластен проценител на возилата во Против пожарната единица, проценка на земјиштето и зградите по имотните листи-сопственост на Општината, од проценителите во

[redacted]

Арх.Бр.____________

Дата:______________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

одделението за администрирање на даноците . Вака проценетите постојани средства се евидентирани по проценети вредности во сметководствената евиденција.

Исто така направена е пресметка на амортизацијата на средствата согласно одредбите од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, на постојаните средства и на горниот слој на улиците.

Во прилог Ви доставуваме проценка на возилата, книговодствени картици –спецификации на постојаните средства по нова проценета вредност и пресметана амортизација.

* Во врска со забелешките во точка 4.4.1. Користење на средствата согласно законските прописи,- ревизијата констатира дека во случајот со Договорот за ЈПП не се почитувани во целост одредбите од договорот за ЈПП и истото придонесува за ризик од зголемени трошоци за општината.

По оваа прашање ќе дадеме одредени појаснувања за работењето со приватниот партнер и ново превземени активности со договорот:

По барање на Општина Кавадарци во декември 2010 год изготвена е студија за инвестирање по пат на Јавно приватно партнерство за реконструкција и модернизација на јавното и уличното осветлување во Општината.

На седница на Совет одржана на 24.01.2011 год донесена е одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Кавадарци.

На тендерот , за најповолна понуда е утврдена понудата на ПП КМГ ЕОЛ Квазар Скопје.

На седница на Совет одржана на 25.04.2012 год донесена е одлука за избор на најповолна понуда за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Кавадарци, при што е избран ПП КМГ ЕОЛ Квазар Скопје.Со оваа одлука чл.5 Градоначалникот е задолжен да го потпише Договорот.

Договорот за ЈПП е склучен на 27.06.2012 год со бр. 03-713/8. Со договорот е предвидено замена на 2714 светилки, т. е. 95 % минимален процент на оперативни светлечки тела да бидат поставени во рок од 180 дена.Договорот е со рок од 15 години по што целиот систем му го предава во сопственост, користење и управување на јавниот партнер.Надзор над реализација на проектот има лице овластено од Градоначалникот и вработено во Општината.За плаќање се испоставувани фактури со прилог градежен дневник.

Првата фактура бр.33/2012 на износ од 619.500,00 ден е изготвена на 05.10.2012 год . Во прилог на фактурата доставен е записник бр. 03-81/5 од 05.10.2012 год со кој П.Партнер не информира дека до наведениот датум се инсталирани 1058 светилки а останатите ,согласно договорот се испорачани во магацинот на подизведувачот ЕЛТИК во Кавадарци.Исто така со

[redacted]

дописот ПП не информира за непредвидените проблемите со кои се соочува на терен заради што проекциите за првичните инвестиции за реализација на Договорот се надминати.

Записник за реализацијата на инсталирани светилки , за испорачаност на останатите светилки кај подизведувачот, како и за проблемите на терен , кои ја забавуваат изведбата, со иста дата 05.10.2012год во прилог на ф-рата дал и надзорот-електро инженер вработен во општината.

Вакви записници кои даваат приказ на моменталната состојба се доставувани во прилог на повеќе фактури.

Исплатата по оваа фактура е извршена на 09.10.2012 год.

На 13.09.2013 извршено е примопредавање на системот за јавно осветлување на Општина Кавадарци.

По поднесена кривична пријава од физичко лице до Основното јавно обвинителство , извршено е вештачење од дипл. Економист и дипл. Електро инженер кои по наредба на ОЈО биле задолжени да се произнесат по прашањата поврзани со јавната набавка-реконструкција и модернизација на јавното осветлување, односно:дали е поставен целокупниот број на светилки, дали квалитетот на светилките одговара на прифатената понуда,дали Општината има штета и ако има во кој износ и др.

Вештите лица по увидот во документацијата констатирале дека променети се 2704 сијалични места, а според техничката документација истите ги задоволуваат бараните технички карактеристики , за доцнењето во инсталациите сметаат дека е причинет од тоа што се работи во зимски месеци што е непогодно време за овој вид на активности.Во делот на плаќањата ценат дека во меѓусебните должничко доверителски односи ,Општина Кавадарци паднала во задоцнување на 31.12.2012 год износ од 619.500,00 ден , на 31.12.2013год износ од 1.858.500,00 ден , на 31.12.2014 износ од 2.444.907,00 ден. Заради не нарушување на добрата соработка , како и поради фактот што од тоа никој не трпи штета , двете договорни страни имаат толеранција за задоцнувањето со исплатата.

Со решение К.О.бр.189/14 од 04.05.2015година, ценејќи ги наодите на вештите лица ,како и исказите на сведоците, Основното јавно обвинителство ја отфрла оваа кривична пријава.

На седница на Советот одржана на 16.02.2018год донесена е Одлука за давање согласност за Спогодбено раскинување на Договорот за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци со арх.бр.03-713/8 од 27.06.2012(на Општина Кавадарци) и арх.бр.03-81/1 од 27.06.2012 год (на ДПТУ ДООЕЛ увоз-извоз КМГ ЕОЛ КВАЗАР Скопје)

На истата седница донесена е и Одлука за давање Согласност за потпишување на Спогодбено раскинување на Договорот за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци со арх.бр.03-713/8 од 27.06.2012

Причина за раскинување е повреда на договорните обврски на двете страни, со што двете страни се ослободуваат од

Арх.Бр.____________

Дата:____________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

[redacted]

своите обврски за негово исполнување и при тоа се откажуваат од барање на надомест на штета поради неисполнување.

На 07.03.2018 од страна на јавниот и приватниот партнер потпишана е Спогодба бр.09-1285/1 за раскинување на Договорот за Јавно приватно партнерство (Концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци со арх.бр.03-713/8 од 27.06.2012

Во прилог се дадени сите анализирани документи.

Арх.Бр.____________
Дата:______________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6.6.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

* Во врска со забелешките во точка 4.4.2., ревизијата ја дала следната препорака:

Стручните лица во Општината заедно со ПП да најдат начин за целосна реализација на Договорот за ЈПП согласно прифатениот обем на работа и договорениот концесиски надоместок.

Сметаме дека по оваа прашање ревизијата не го согледала во целост моментот на набавка, кој што претходи на периодот на склучување на Договорот за ЈПП.

Имено, во ревизорскиот извештај стои дека Електронските уреди за заштеда на електрична енергија се набавени во 2014, 2015 или 2016 година. Нивната набавка е направена во 2012 година во постапка која е започната пред потпишувањето на Договорот за ЈПП. Уредите се однесуваат на заштеда на електрична енергија во системот за улично осветлување, и нема преклопување со ЈПП.

Набавките во 2014, 2015 и 2016 година за тековно одржување на уличното осветлување се однесуваат на селските подрачја, неопфатени со ЈПП (во спецификацијата за овие набавки е наведено за кои локации се однесува набавката, односно стои дека не е дел од ЈПП).

Прилог-Книговодствени картици за извршените набавки за Штедливи електро табли за 2011 и 2012година.

***-Сметка на основен буџет (630)***

* Во врска со забелешките во точка 4.3.1. Финансиски извештаи- ревизијата покрај другите ,даде препорака :

-да се превземаат мерки за присилна наплата на нанавреме наплатените даноци и такси.

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.___________
Дата:___________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

По оваа прашање сакаме да појасниме дека:

- Општина Кавадарци за првпат пристапи кон спроведувањее на присилна наплата на неплатена комунална такса за истакната фирма(Фирмарина )во 2009 година.

Врз основа на член 73 став 1 од Законот за даноци на имот (,,Сл.весник на РМ,, бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), а во врска со член 16 и член 8 од Законот за комунални такси (,,Сл.весник на РМ,, бр:61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16), присилна наплата на комунална такса се однесува на неплатена комунална такса за 2007 година. Бидејќи реформите во системот на локална самоуправа започнаа со процесот на децентрализација на власта, надлежностите за администрирање на даноци и такси и комплет базата на податоци се пренесени во Локална самоуправа во 2007 година, што значи ни се опфатени сите побарувања.

Во прилог ви доставуваме примери од Решенија за забрана за користење на парични средства од жиро сметки и тоа:

-Решенија за забрана за користење на парични средства од жиро сметки од 2009 , 2010, 2011, 2012,2013,2014,2015,2016, и 2017 година.

- Општина Кавадарци за првпат пристапи кон спроведувањее на присилна наплата на данок на имот на физички лица во 2016 година.

Врз основа на член 55 од Законот за даноk на имот (,,Сл.весник на РМ,, бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16), а во врска со член 84 став 2 од Законот за данок на имот , право на наплата на данок и право на наплата на трошоците за присилна наплата застарува за 5 години по истекот на годината во која требало да се изврши наплатата. Според овој член Општина Кавадарци при спроведување на присилната наплата на данок на имот од 2016 година ги опфати годините 2011,2012,2013,2014,и 2015година за неплатен данок на имот на физички лица. Во 2017 година повторно е спроведена присилна наплата за данок на имот на физички лица за годините од 2012 до 2016 год.

Во прилог ви доставуваме примери од Решенија за забрана за користење на парични средства од жиро сметки за данок на имот на физички лица и тоа:

Република Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.______________

Дата:________________
Кавадарци

Република Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

- копија од Решение за присилна наплата на данок на имот од 2016 година (доставено до даночниот обврзник)
- копија од Решенија за забрана за користење на парични средства од жиро сметки од 2016 година (доставено до Банката)
- копија од Решение за присилна наплата на данок на имот од 2017 година
- копија од Решенија за забрана за користење на парични средства од жиро сметки од 2017 година

Изготвил и Контролирал:
Цанка Јовановска
Ленче Чиркова
Драгослав Симоновиќ
Тодор Ефремов

Општина Кавадарци
Градоначалник
М-р Митко Јанчев
_______________

**Одговор**
**на забелешки/коментари/известувања на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На 11.04.2018 година добиени се забелешки/коментари/известувања на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Општина Кавадарци од страна на актуелниот градоначалник м-р Митко Јанчев бр. 30-1390/6 од 10.04.2018 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 12-333/6 од 11.04.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.1.** кои се однесуваат дека воспоставениот систем на внатрешни контроли кај процесот на плаќање не функционира, **претставува известување** за постапување по дадената препорака. Во прилог на забелешките доставена е процедура за плаќање „Постапка за изготвување на налог за плаќање" без потпис, број и дата, која не е усвоена и чија имплементација треба да започне по нејзиното усвојување.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.1.** која се однесува на исплатата на плата и надоместоци на вработените кои немаат третман на административни службеници, **претставува известување** за постапување по дадената препорака. Во прилог на забелешката доставен е Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Кавадарци-Локална самоуправа бр. 04-1884/1 од 02.04.2018 година, и нови решенија за плати на вработените во ТППЕ усогласени со Правилникот. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2.2.** која се однесува на дадената препорака Градоначалникот да преземе мерки и активности за екипирање на одделението за внатрешна ревизија со цел организирање и функционирање на внатрешната ревизија и целосно воспоставување на финансиско управување и контрола, **не се прифаќа** бидејќи истата нема карактер на забелешка туку потврдување на состојбата, односно известување

за преземените активности од страна на одговорното лице на Општина Кавадарци што е констатирано и во Нацрт извештајот и кои ревизијата ги имаше во предвид при дефинирање на состојбите во Нацрт извештајот.

4. Забелешката во **точка 4.2.4.** која се однесува на дадената препорака Градоначалникот да преземе мерки и активности да се донесе акт за репрезентација за правото, начинот и постапката за користење на средствата за репрезентација во Општината, со кој ќе се определи висината на средствата наменети за репрезентација и лицата кои имаат право на користење на средства за репрезентација, **претставува известување** за постапување по дадената препорака. Во прилог на забелешката доставен е Правилник за користење на средствата за репрезентација во Општина Кавадарци бр. 09-5126/1 од 21.12.2017 година со кој е определено во кои случаи може да се користат средствата за репрезентација, видови на репрезентација, овластување (кој има право на користење) и начин на користење по кој треба да се постапува во иднина. Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

5. Забелешката во **точка 4.2.5.** која се однесува на дадената препорака Градоначалникот да преземе мерки и активности за изготвување на процедура за користење на службените возила, а плаќањата да се вршат врз основа на веродостојна, уредна и комплетна документација **претставува известување** за преземените мерки и активности. Во прилог на забелешката доставен е Правилник за начинот и постапката на користење на Верна картичка во Општина Кавадарци – Локална самоуправа бр. 09-5125/1 од 21.12.2017 година и Правилник за користење на сопствено возило за службени цели бр.09-5127/1 од 21.12.2017 година. Наведената состојба ќе биде обелоденета во конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

6. Забелешката во **точка 4.2.6.** која се однесува по дадената препорака за изградба на верски објект во Кавадарци, **претставува известување** за преземените активности од страна на Советот на Општината за постапување во иднина. Имено, согласно добиеното барање од МПЦ, Советот на Општината формира Одбор за собирање на донации од правни и физички лица од пет члена (прилог Заклучок бр 08-1291/49 од 14.03.2018 година), што треба да биде постојана пракса при изградба на верски објекти.

7. Забелешката во **точка 4.2.7.** која се однесува по дадената препорака за финансирање на проекти од областа на културата и спортот, **не се прифаќа** поради тоа што истото претставува потврдување на констатираните состојби на одобрување на средства за активности кои не се согласно Програмата за НВО за

2016 година и Програмата во областа на спорт и млади за 2016 година на Општина Кавадарци.

8. Забелешката во **точка 4.2.8.** која се однесува за реконструкција на станбена зграда во Општина Кавадарци со цел подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување **не се прифаќа** поради тоа што истото претставува потврдување за начинот на избор во 2015, 2016 и 2017 година и потврда на утврдените состојби од страна на ревизијата. Со забелешката доставени се: Методологија за избор на семејства на Хабитат Македонија без број и дата, Записник бр 08-5805/5 од 18.03.2015 година за разгледување и избор на апликациите, Записник бр 22-1024/6 од 06.09.2017 година, Правилник за одредување на критериумите и условите кои треба да се исполнат за имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрување на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци бр.08-272/8 од 31.01.2018 година (во кој е предвидено подготвеност за прифаќање на конкретни проектни критериуми односно превземање на обврска за овозможување на проверка на условите на домување и на приходите на секое семејство поединечно). Со увид во истите и од даденото појаснување се потврдува дека и во 2015 и 2017 година како критериум се зема местоположбата на зградата односно оддалеченоста од центарот на градот, без да се земат во предвид примањата како критериум.

9. Забелешката во **точка 4.2.9.** која се однесува за исплатени средства на Македонската кошаркарска федерација и дадената препорака: надлежните органи при доделување на средства за спортски активности да ги имаат во предвид надлежностите на општината во областа спорт утврдени со Законот за локална самоуправа и Законот за спорт, а за доделени средства да се почитува обврската за изготвување на финансиски извештај поткрепен со соодветна документација **не се прифаќа,** поради тоа што истото претставува потврдување на состојбата, односно известување за причините поради кои одобрувањето на финансиските средства на МКФ не е предвидено во Програмата за спорт и млади за 2016 година. Во прилог на забелешката доствено е: Известување/барање од МКФ од 25.03.2016 година, Одлука за одобрување на финансиски средства на МКФ од Буџетот на Општина Кавадрци за 2016 година од 22.04.2016 година и Договор за ко-организација на Квалификации за Европско Првенство во кошарка за Сениорска машка репрезентација 2016, бр 08-1995/42 од 20.04.2016 година кои ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на состојбите во Нацрт извештајот.

10. Забелешката во **точка 4.3.1.** која се однесува за водење на материјална евиденција односно во врска со дадената препорака надлежните служби

набавката на материјали да ја регулираат со општ акт/пишана процедура со дефинирање на начинот на процесот на набавка, евидентирање на залихите, приемот и издавањето на материјалите и пописот на крајот на годината односно невоспоствена сметководствена политика за материјална евиденција **не се прифаќа**, бидејќи не е воспоствена материјална евиденција во делот на канцелариски материјали и електро материјали. Ревизијата го имаше во увид начинот на набавката, приемот и издавањето на канцелариските материјали но тоа не значи дека општината не треба да воведе материјална евиденција и да изгради сметководствена политика за евидентирање на материјалите.

11. Забелешката во **точка 4.3.3.** која се однесува на нереално и необјективно искажување на постојаните средства во Билансот на состојба, односно не извршена процена на дел од иститe и не применети соодветни стапки за амортизацијата, **претставува известување** за преземени мерки. Имено извршена е процена од овластен проценител на против пожарните возила и доставени се прегледи (РЕФ 1 за згради, градежно земјиште, патишта и улици) и преглед на објекти – згради без прилог на проценка и не е доставен налог за корекција на амортизацијата. Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај.

12. Забелешката во **точка 4.4.1.** во врска со објавен Отворен повик за доделување на договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци и склучен договор за воспоставување на ЈПП (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општината **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат констатацијата во наодот. Во прилог на забелешката доставена е: Одлука на Советот бр. 08-984/2 од 02.03.2018 година за давање на Согласност за потпишување на Спогодба за раскинување на Договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци бр.03-713/8 од 27.06.2012 година и Спогодба меѓу ЈП и ПП бр. 09-1285/1 од 07.03.2018 година за раскинување на Договор за јавно приватно партнерство (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во Општина Кавадарци бр.03-713/8 од 27.06.2012 година. Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај.

13. Забелешката во **точка 4.4.2.** која се однесува на тоа дека и покрај склучениот Договор за воспоставување на ЈПП (концесија) за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување, во периодот 2014, 2015 и 2016 година има склучено договори за: набавка, транспорт и монтажа на

електронски уреди за заштеда на електрична енергија кај систем за улично осветлување; набавка на услуга тековно одржување на јавно осветлување; набавка на светилки и други материјали за одржување на јавното осветлување **делумно се прифаќа** поради настаната техничка грешка за кое го даваме следното појаснување:

- во 2012 година склучен е Договор за јавна набавка, транспорт и монтажа на електронски уреди за заштеда на електрична енергија кај систем за улично осветлување бр. 18-2895/13 од 03.08.2012 година (по објавен Отворен повик бр. 19/2012 од 20.06.2012 година), што е после Договорот за ЈПП кој е склучен на 29.06.2012 година (по Отворен повик 1/2012 (арх бр 18-713/3 од 10.02.2012 година);
- во периодот 2014, 2015 и 2016 година извршена е набавка на услуга тековно одржување на јавно осветлување и набавка на светилки и други материјали за одржување на јавното осветлување и покрај тоа што со Договорот за ЈПП во чл 4 став 1 и став 2 се предвидени активности за: дислокација на мерна опрема, нумерација на столбови и сл, почнувајќи од централното градско подрачје, движејќи се спрема периферијата *за да заврши со руралните подрачја.* Од друга страна пак со увид во документацијата ревизијата заклучи дека во градежните дневници по ф.ра 54/15 од 05.10.2015 год (по склучен договор бр. 19-2952/ од 29.07.2015 година меѓу Општина Кавадарци и економски оператор од Кавадарци за набавка на услуга тековно одржување на јавно осветлување) изведени се работи во селата: Марена, Дреново, Чемерско, Сопот, Возарци, Страгово, Крњево и Бегниште, при што како инвеститор не стои општината туку приватниот партнер при што се поставува прашањето дали станува збор за активности во рамки на договорот со ЈПП кои се покриени со плаќање на месечен ануитет према ПП, а економскиот оператор од Кавадарци се јавува како подизведувач или станува збор за активности по склучениот договор бр. 19-2952 од 29.07.2015 година.

Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај, а дадената препорака се брише.

**Сметка на основен буџет (630)**

14. Забелешката во **точка 4.3.1.** која се однесува на дадената препорака од страна на градоначалникот да се преземаат мерки за присилна наплата на ненавреме наплатените даноци и такси, **делумно се прифаќа** и тоа:

- забелешката во делот на присилна наплата на данокот на имот на физички лица **не се прифаќа** поради тоа што доставените докази ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на наведената состојба, што се потврдува и со доставената забелешка за присилна наплата на данокот на имот за физички

лица. Во прилог на забелешката доставени се Решенија за присилна наплата на данокот на имот и решенија за забрана на користење на средства за 2016 и 2017 година, што не ја оспорува констатација на ревизијата од извршениот увид.

- забелешката која се однесува за комуналната такса за истакната фирма (фирмарина) **се прифаќа** поради дополнително доставени докази.

Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.